Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 10-67/13
08.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22 и 3/25), Општина Ѓорче Петров, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров, www.gjorcepetrov.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, Блок 2, Општина Ѓорче Петров нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини:

Со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од 9,05 ha согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот со кој се одредуваат мали области од локално значење и се предвидуваат мали измени на планските документи, се планира намена А-домување и престој- (А1 домување во куќи и А3.3 згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица), Д-зеленило, рекреација и меморијални простори (Д1 парковско и пејсажно зеленило и Е– инфраструктури (Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури, Е1.4-хидротехничка инфраструктура-канал и Е1.8-Инфраструктури за преносна електрична енергија (трафостаници). Влијанијата врз животната средина со реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку

урбанистичко-техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите. Затоа предлагаме да донесете Одлука за неспроведување на стратегиска оцена по овој плански документ, за која треба да добиеме одобрение од Министерството за животна средина и просторно планирање, за да ја продолжиме постапката за донесување на планот.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Е. Ќулумоска,
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов